# Применето образование за младите Роми

Програмата „применето образование за младите роми“ придонесува кон подобрување на состојбата на младите Роми во Македонија односно вклученоста во основното образование на учениците Роми и подобрување на можностите за вработување или за генерирање приходи на ромската младина.

- Реализирани 88 проекти;
- Бројот на ученици Роми пораснал од 18% (во учебната 2000/01) на 23% (во учебната 2004/05);
- Бојот на ученици Роми кои се осипале се намалил од 61% (во учебната 2000/01) на 57% (во учебната 2004/05);
- Бројот на ученици Роми кои повторувале се намалил од 84% (во учебната 2000/01) на 34% (во учебната 2004/05);
- Бројот на родителите-Роми во училиштата вклучени во програмата се зголеми од 20 (во учебната 2000/01) на 35 во учебната 2004/05.

## Има промени, на подобро!

„Во програмата „Применето образование за млади Роми“ сум вклучена веќе две години. Во тие рамки одржуваме состаноци, тркалезни маси, квизови... Тоа го правиме за околу 100 ромски ученици од ОУ „Малина Попиванова“ од Кочани. А, училиштето брои околу 800 ученици. ПОР почнува да ја разбудува свеста кај Ромите, дури и за нивата национална припадност“ – вели Милка Накова, наставничка по македонски јазик. „Во образованието сум 33 години. Најчесто од родителите на учениците Роми, за нивната нередовност во наставата, слушав изјави од типот ‘татко ми не бил ништо, јас не сум ништо, а нема да биде ни моето дете’. Тоа не го прифаќам. Родителите се вадат и на нивната економска немоќ, но ние бараме само нивна присутност во наставата“ – додаде Милка Накова. „Во нашето училиште сме горди што и покрај нивниот социјален статус постигнуваат значајни успеси. Едно Ромче успеа за една година да ги ‘земе’ седмото и осмото одделение. Сега тој е успешен ученик и во средното образование, а неговите планови сигурно не завршуваат тука“.



## Јакнење на свеста

Локалните граѓански организации ги организираа и спроведуваа активностите за јакнење на свеста во соработка со вклучените основни училишта.

- Реализирани се вкупно 531 настан за мотивација на учениците за образованието и подобрување на интеграцијата на ромските деца во училишната средина. Опфатени се вкупно 7.615 ученици од 15 заедници и 15 училишта.

- Локалните партнерски организации организираа 586 настани низ различни видови на активности. Вкупно 7659 ученици и 3539 родители учествуваа на овие активности од 20 ромски заедници.

- Организирани се четири летни кампови во Охрид од (2002-2005), учествуваа 353 деца од различни етнички групи, од сите 15 вклучени училишта, а во 2005 учествуваа и ученици од 5 други основни училишта, наградени за своите творби за литературниот конкурс по повод 8-Април, Меѓународниот ден на Ромите.

- Четиринаесет од партнерските организации преку формирани тимови од влијателни лица од заедниците, со вклученост на претставници од вклучените основни училишта вршеа посети на семејства на учениците Роми кои имаа негативни ставови за образованието на своите деца.

Остварени се вкупно 394 настани преку кои се посетени 2973 семејства.

## Кампот како награда

„Знаеш ли зошто си овде“, го прашувам малиот Омер Хасани од Скопје. „Ова е награда за мене затоа што добро сум учел, сум бил мирен“, ми одговара тој во еден здив. Омер звршил четврто одделение и ова му е втор пат да оди некаде надвор од Скопје без мама и тато. „Еднаш бев на екскурзија и ова сега“, објаснува тој. „Добро ми



оди училиштето, поминав многу добро. Следната учебна година ќе бидам петто одделение и ќе имам многу нови наставници но не ми е страв, нема зошто да се плашам ќе учам повеќе и тоа е тоа“. Кога го слушате Омер ви се чини дека се е толку едноставно и решливо. „Сега не сакам да се вратам“, ми се доверува Омер, „убаво ми е тука. Се запознав со многу деца од различни градови, цел хотел ми се другари. Им се пофалив на моите дома дека научив да пливам.“ Додека го јаде својот сладолед десетгодишниот Омер веќе ги кове плановите за следната година, „ќе се трудам да поминам со четворка или да имам подобар успех за да дојдам пак на кампот“, вели тој.

## Образованието е моја најважна работа

„Секој ученик кој има желба да учи и да биде паметна образована личност ќе биде награден не само со кампување туку и самиот живот ќе го награди неговиот труд и желба. Образованието е мојата најважна работа, сакам да станам важна личност која ќе има со што да се гордее пред јавноста, затоа што нема ништо позначајно од тоа да напредуваш во животот. Се трудам колку што можам да напредувам и да учам затоа што ми се чини дека секогаш и секаде можам да научам работи кои многу ќе ми користат каде и да се наоѓам. Сакам сите посебно мојата нација која во последно забележува пораст во сферата на образованието да имаат зацртано јасна цел и да го следат својот сон, да не бидат негативни и да не се зближуваат со пороците на денешницата туку да им помагаат на сите кои ќе побараат помош и подршка на било кој начин затоа што сигурно ќе се чуствуваат многу убаво и пријатно.“



**Сакине Џеладиновска**
**поп пејачка и учесник на кампот во 2002 година**

## Подобрување на квалификуваноста на младите Роми

- 806 млади Роми од 14 ромски заедници зедоа учество во обуки спроведени од страна на Работничките Универзитети (РУ), или во соработка помеѓу РУ (теоретски инпут) и приватни компании (пракса) - чиракување.
- 95 млади Роми од 14 заедници ја проследија обуката за основни претприемачки вештини.
- 92 млади Роми од 2 заедници ја проследија презентацијата на можностите за кредитна поддршка.
- 82 млади Роми корисници на професионалната обука се вработиле (во периодот 2002-2004).

## Градење односи помеѓу училиштата и заедниците

- Спроведени се три обуки за интеркултурно учење проследени од 51 учесници, 39 од вклучените основни училишта во програмата, 6 од државните образовни институции.
- Единаесет од партнерските организации активно работеа во насока на подобрување на односите помеѓу училишниот персонал и родителите. Зголемен е бројот на родители Роми во училишните одбори. Реализирани се вкупно 234 настани со опфат на 1835 родители, 268 ученици и 99 наставници.



- Детското списание „Вило“, (македонски, ромски јазик и делумно англиски) беше дистрибуирано во 1500 копии во девет од вклучените училишта, во периодот февруари-јуни.
- Дистрибуирани нагледни средства за 15-те вклучени училишта.

## Млади ромски претприемачи

90 млади Роми на возраст до 30 години кои започнале или имаат можност да започнат сопствен бизнис, се стекнаа со претприемачки вештини по методологијата ЦЕФЕ



„Од 1991 г. започнав сопствен бизнис – месарница и колонијал. Сега тие не работат, поради моите пропусти во работата што ги правев сите овие години“. Вака ни се претстави Салиу Максут, татко на две деца, еден од учесниците на обуката за млади ромски претприемачи, во Гостивар, во просториите на ХДЗР Месечина.

„Дојди еден – земи роба на вересија, дојди друг – истото. Кога ќе дојдеше да наплатам, муштериите ми одговараа ‘земи ни ја душава, пари немаме!’. И што да правиш, да им ја земеш душата, не можеш. И така ми пропадна бизнисот, па сеганиеден член од мојата фамилија не е вработен“, продолжи да ни раскажува Салиу Максут. „Но, сега сум тука да ги научам грешките и повторно да се обидам да го обновам бизнисот, и нема веќе на вересија“, вели Салиу Максут.

## Лобирање и застапување

- Координирано започна да се одбележува 8-ми Април, меѓународниот ден на Ромите. Во 2003 година главната и највпечатлива активност беше Маршот на еднаквоста што се одржа во центарот на Скопје, со учество на 1000 Роми од сите делови на земјата.




- Финансиски е поддржано организирањето на националната конференција „Состојбата на Ромите во Македонија“, како обид за започнување на дискусија помеѓу релевантните актери во систематската и долгорочна посветеност за решавање на проблемите.

- Одржана е национала конференција „Ромски економски форум“, посветена на економската состојба на Ромите во Македонија.

## Информирање на јавноста

- Едно издание на тримесечната брошура на МЦМС „Граѓански практики“ беше посветено на темата „Образованието на Ромите во Македонија“.

- Поддржана е работата на мрежата „Рома 2002“, како веќе постоечка структура во насока за подготовка за лобирање и застапување на национално ниво.

- публикувана и промовирана е компаративната анализа „Интеграцијата на Ромите во Македонија и во Словачка“.

МЦМС ја спроведува програмата „Применето образование за младите Роми“ во соработка со 13 организации и 15 основни училишта од 11 градови од Македонија и тоа:

ОУ „Јане Сандански“, ДРЈЛ „Дархија“, ОУ „Дане Крапчев“, ЗЖР „Есма“, ОУ „26-ти Јули“, ЦОП „Дендо вас“ и ОУ „Страшо Пинџур“ од Скопје; ЦРЗ „Дром“, ОУ „Христијан Тодоровски – Карпош„, РОЖМ „Даја“ и ОУ „Крсте Петков Мисирков“ од Куманово; Група „Феликс“ и ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ од Битола; ХДЗР „Месечина“ и ОУ „Братство-единство“ од Гостивар; ХДЗР „Кхам“ и ОУ „Ванчо Прке“ од Делчево; ОУ „Благој Кирков“ од Велес; „Романи Асвин“, „Са о Рома“ и ОУ „Гоце Делчев“ од Штип; ХДЗР „Месечина“ – огранок Дебар и ОУ „Братство-единство“ од Дебар; ХДЗР „Месечина“ – огранок Кичево и ОУ „Санде Штерјовски“ од Кичево; ХО „Помош за хендикепирани и сиромашни“ и ОУ „Добре Јовановски“ од Прилеп; ЦККЕР „Светла иднина“ и ОУ „Малина Попиванова“ од Кочани.

## За Рамче

„Се викам Рамче, ме викаат Џамче. Зошто? Затоа што повеќе сум гол отколку облечен, живеам во куќа поточно колиба направена од картон, живи цигли и плех...

... Ќе ви кажам една тајна, во земјата закопав тегла и во неа кријам пари. Сакам да соберам многу за да и купам на мојата сестричка инвалидска количка...

... После осмо одделение навистина не знам што ќе работам. Сакам да бидам молер и се да обелам во бело па и јас да бидам бел. Понекогаш мислам дека луѓето не ме сакаат оти сум црн. Но што можам јас, баба вели дека нашиот Бог е црн ...

... Јас сум Рамче, поточно Џамче, низ моето џамче ја гледам мојата иднина.“

*Извадок од наградениот есеј на Елена Накова од Штип на тема: (Како е да се биде Ром на училиште, дома и во општеството“)*

